КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-985
25.11. 2020 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Бр. 02-1007/1
4.12 2020 год.
СКОПЈЕ

**Комора на овластени архитекти
и овластени инженери**

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“,
Скопје**

Со цел развој и соработка во делот на архитектурата и инженерството, а во согласност со заедничките интереси и меѓусебната соработка на двете институции, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во понатамошниот текст: УКИМ) и Комората на овластени архитекти и овластени инженери (во понатамошниот текст: Комора) во Скопје го потпишуваат следниов

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Потписниците на овој Меморандум се обврзуваат дека, во рамките на својата примарна дејност, заеднички ќе делуваат и меѓусебно ќе соработуваат во интерес на реализација на цели од заеднички интерес, на следниве начини:

- реализација на едукативни настани (специјализирани обуки, работилници и слично) на теми поврзани со архитектурата и инженерството, како и други теми од интерес на факултетите за технички науки при УКИМ и професионалните одделенија во Комората;

- размена на искуства и најдобри практики преку гостувања на претставници од Комората и УКИМ во активности или во настани кои ќе третираат теми од областа на архитектурата и инженерството;

- континуирана соработка и координација меѓу стручните лица од Комората и УКИМ во процесот на изготвување на предлог-документи или мерки за развој на научната мисла во сферата на архитектурата и инженерството;

- учество во заеднички проекти во областа на високото образование, истражувачки проекти, со цел заштита на интересите на овластените архитекти и овластените

инженери, односно членовите и соработниците на факултетите за технички науки при УКИМ;

- други активности, неспомнати погоре, за кои двете потписнички страни ќе искажат интерес за соработка.

Заедничките активности и проекти ќе се реализираат на иницијатива и по покана на една од страните потписнички на Меморандумот.

За активностите од погоре наведената соработка, потписниците можат да склучуваат посебни договори.

Овој Меморандум не ги ограничува, ниту, пак, строго ги утврдува начинот и видовите на соработка, туку ја насочува сферата на заеднички интерес која е во согласност со нивната мисија и визија.

Потпис и м.п.

Проф. д-р Миле Димитровски
Претседател

Комора на овластени архитекти и овластени инженери

Потпис и м.п.

Проф. д-р Никола Јанкуловски
Ректор

Универзитет „Св. Кирил и Методиј",
Скопје

**Скопје, ноември 2020 година**